20250841842

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 121/21, 74/24 и 16/25), член 28 став 9, член 29 став 8 и член 171 став 3 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22, 64/24 и 37/25), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА ЗА ПОЗИЦИИТЕ ОД КОИ СЕ СОСТОИ ПОЧЕТНИОТ КАПИТАЛ И СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ПЛАТЕЖНАТА ИНСТИТУЦИЈА И ИНСТИТУЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ПАРИ, МЕТОДИТЕ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ИЗНОСОТ НА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА, КАКО И ВИДОТ, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишуваат позициите од кои се состои почетниот капитал и сопствените средства на платежната институција и институцијата за електронски пари, методите за пресметка на износот на сопствените средства, како и видот, содржината и начинот на доставување на извештаите за сопствените средства до Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка).

2. За потребите на оваа одлука, под поимот институција се подразбира платежна институција и институција за електронски пари.

3. Во случаите кога институцијата е предмет на консолидирана супервизија и изработува консолидирани финансиски извештаи за групата, е должна да ги утврдува сопствените средства на индивидуална и на консолидирана основа.

## II. ДЕФИНИЦИИ

4. Одделни изрази употребени во оваа одлука го имаат следново значење:

4.1. „Нематеријални средства“ се средствата поврзани со основањето, лиценците, патентите, концесиите и заштитните знаци (вклучително и преддоговорите за нивно стекнување / користење) и гудвилот. Програмската поддршка (англ. software) или програмската поддршка во развој не се сметаат за нематеријални средства. Нематеријалните средства се искажуваат во нето-износ, намалени за износот на акумулираната амортизација и загубите за оштетување;

4.2. „Лице од финансискиот сектор“ е правното лице со седиште во Република Северна Македонија или во странство коешто е банка или небанкарска финансиска институција.

4.3. „Тековна добивка“ или „тековна загуба“ е добивката или загубата од билансот на успех на институцијата, остварена во текот на определен временски период пократок од една календарска година и пред да се донесе одлука за потврдување на финансискиот резултат за периодот од страна на собранието на акционери или собирот на содружници или друг соодветен орган на институцијата.

4.4. „Добивка на крајот на годината“ или „загуба на крајот на годината“ е добивката или загубата од билансот на успех на институцијата, остварена во текот на една календарска година и пред да се донесе одлука за потврдување на финансискиот резултат за годината од страна на собранието на акционери или собирот на содружници или друг соодветен орган на институцијата.

4.5. „Добивка расположлива за распределба“ го опфаќа износот на добивката по оданочување, потврдена од собранието на акционери или собирот на содружници или друг соодветен орган на институцијата или износот на тековната добивка, коишто ги исполнуваат условите за распределба на дивиденда или плаќање аванс на дивиденда, во согласност со закон.

4.6. „Минимално потребно ниво на сопствени средства на платежната институција“ го опфаќа износот на сопствените средства на платежната институција, потребен за покривање на ризиците од давањето на платежни услуги и оперативните и сродните помошни услуги коишто се нудат од платежната институција;

4.7. „Минимално потребно ниво на сопствени средства на институцијата за електронски пари“ го опфаќа износот на сопствени средства на институцијата за електронски пари потребен за покривање на ризиците од издавање електронски пари, за давање платежни услуги и оперативните и сродните помошни услуги коишто се нудат од институцијата за електронски пари;

4.8. „Фиксни општи трошоци“ се режиските трошоци поврзани со закуп, осигурување, одржување згради, амортизација на основни средства, административни и други слични трошоци, чиј вкупен износ е непроменет или се менува незначително како резултат на промените во обемот на обезбедените платежни услуги;

4.9. „Месечен просечен обем на плаќања (во натамошниот текст – МПОП)“ е една дванаесетина од вкупниот износ на платежните трансакции извршени од институцијата за електронски пари или платежната институција во последните 12 месеци;

4.10. „Приход од камата“ го опфаќа износот на каматата што ја добиваат институциите за електронски пари и платежните институции за вложените средства;

4.11. „Расход од камата“ го опфаќа износот на каматата којштo е платен од институцијата за електронски пари или платежната институција на позајмените средства;

4.12. „Провизии и надоместоци“ го опфаќаат вкупниот збир на приходите од провизиите и надоместоците добиени при обезбедувањето на платежните услуги;

4.13. „Други оперативни приходи“ ги опфаќаат останатите приходи освен приходите од провизии и надоместоци и приходите од камати добиени при обезбедувањето на платежните услуги и приходите остварени од давање на оперативните и сродните помошни услуги коишто се поврзани со давањето на платежните услуги или поврзани со издавањето на електронските пари;

4.14. „Оперативни и сродни помошни услуги коишто се поврзани со издавањето на електронските пари и/или со давањето на платежните услуги“ се услугите коишто може да ги врши институцијата за електронски пари или платежната институција согласно член 11 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 90/22, 64/24 и 37/25).

5. На термините коишто не се дефинирани во оваа одлука се применува значењето утврдено со Законот за платежни услуги и платни системи.

## III. ПОЧЕТЕН КАПИТАЛ

6. Почетниот капитал на институцијата се состои од позициите на основниот капитал од точката 13 потточка 13.1 од оваа одлука.

## IV. СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА

7. Сопствените средства на институцијата претставуваат збир на основниот капитал, пресметан во согласност со главата V од оваа одлука и дополнителниот капитал, пресметан во согласност со главата VI од оваа одлука, имајќи ја предвид и примената на одредбите од главата VII од оваа одлука.

8. Износот на дополнителниот капитал на институцијата се вклучува во составот на сопствените средства од точката 7 од оваа одлука само во износ којшто е еднаков или помал од една третина од основниот капитал на институцијата.

9. Институцијата е должна да ја определи вредноста на позициите што се користат при утврдувањето на сопствените средства во согласност со важечките сметководствени стандарди, како при почетното признавање на овие позиции, така и при последователното мерење и да ги документира овие позиции и нивните промени во својата сметководствена евиденција и трговски книги.

10. Институцијата не смее да ги вклучи позициите коишто не ги исполнуваат условите од оваа одлука при утврдувањето на сопствените средства.

11. Доколку Народната банка утврди дека институцијата при утврдувањето на сопствените средства вклучила одредени позиции што не ги исполнуваат или што престанале да ги исполнуваат условите од оваа одлука или дека ги вклучила позициите во несоодветен дел од сопствените средства, ќе ѝ наложи на институцијата да ги исклучи таквите позиции при утврдувањето на сопствените средства, односно да ги вклучи во соодветниот дел од сопствените средства.

Институцијата при утврдувањето на сопствените средства може повторно да ги вклучи позициите што биле исклучени во согласност со ставот 1 од оваа точка, само по исполнувањето на потребните услови од оваа одлука и по добивањето на согласноста од Народната банка.

## V. ОСНОВЕН КАПИТАЛ

12. Основниот капитал на институцијата се добива кога збирот на позициите од точката 13 од оваа одлука ќе се намали за збирот на одбитните ставки од точката 15 од оваа одлука.

13. Во основниот капитал на институцијата се вклучуваат:

13.1. Акциите или влоговите во институцијата, коишто:

− се во целост уплатени во паричен облик, при што институцијата не смее да го финансира нивното купување, директно или индиректно;

− ги исполнуваат важечките прописи за сметководство и важечките сметководствени стандарди за да добијат третман на акционерски капитал, односно на влогови;

− во целост и неограничено се расположливи за покривање на загубите;

− безусловно се неповратни и не можат да се откупат, да се отплатат, односно не може да се намали нивната вредност, освен во случај на стечај или ликвидација на институцијата или по добиена согласност од Народната банка, во согласност со точката 25 од оваа одлука;

− во случај на стечај или ликвидација на институцијата, се исплаќаат последни по исплатата на сите други обврски на институцијата;

− не постои задолжителна обврска за исплата на дивиденда, односно институцијата има право да не исплати дивиденда или да ја ограничи нејзината исплата, без тоа да се смета за неможност на институцијата да ги намирува своите обврски. Исплатата на дивиденда се врши само од добивката расположлива за распределба и не постои приоритет во исплатата на дивидендата.

13.2. Премијата од продажбата на акциите или влоговите од потточката 13.1 од оваа точка;

13.3. Задолжителна општа резерва (општ резервен фонд);

13.4. Задржаната нераспоредена добивка којашто не е оптоварена со какви било идни обврски, којашто е искажана во билансот на состојба на институцијата и е потврдена со одлука на собранието на акционери или собирот на содружници. Одлуката треба да содржи одредба којашто предвидува задржаната добивка да не биде расположлива за исплата на дивиденда во иднина. Во оваа позиција се вклучува и акумулираната загуба од претходни години, со негативен предзнак;

13.5. Тековната добивка или добивката на крајот на годината коишто ги исполнуваат условите од точката 14 од оваа одлука; и

13.6. Збирната сеопфатна добивка или загуба којашто ги опфаќа останатите добивки и загуби коишто не се прикажани во билансот на успех на институцијата.

Позициите од потточките 13.4, 13.5 и 13.6 од оваа точка треба да се во целост и веднаш на располагање за покривање на ризиците и загубите за време на работењето на институцијата.

14. Тековната добивка или добивката на крајот на годината можат да се вклучат во пресметката на основниот капитал на институцијата само врз основа на согласност добиена од Народната банка.

Народната банка ќе ја издаде согласноста од ставот 1 од оваа точка доколку се исполнети следниве услови:

− износот на тековната добивка или на добивката на крајот од годината е потврден од друштво за ревизија;

− износот на тековната добивка или на добивката на крајот од годината е намален за какви било плаќања врз основа на дивиденда, даночни или друг вид слични обврски коишто се плаќаат од добивката;

− надлежниот орган на институцијата донесол одлука со која предвидува дека тековната добивка или добивката на крајот од годината нема да може да се користи за исплата на дивиденда.

За потврдување на условот од ставот 2 алинеја 1 од оваа точка, институцијата е должна да достави:

− за добивката на крајот на годината – извештај за извршената ревизија, изработен во согласност со прописите за ревизија, или писмо од ревизорот дека ревизијата на годишните финансиски извештаи е во тек, но ревизорот не дошол до сознанија поради кои конечниот извештај би содржел квалификувано мислење;

− за тековната добивка – извештај за извршената ревизија или извештај за проверката на меѓупериодичните финансиски информации изработени во согласност со прописите за ревизија, или писмо од ревизорот дека ревизијата на финансиските извештаи е во тек, но ревизорот не дошол до сознанија поради кои конечниот извештај би содржел квалификувано мислење.

За потврдување на условот од ставот 2 алинеја 2 од оваа точка, институцијата е должна да достави:

− изјава потпишана од соодветното надлежно лице во институцијата дека приходите и расходите се прикажани во билансот на успех во согласност со важечките прописи за сметководство и важечките сметководствени стандарди;

− биланс на успех потпишан од управителот, членовите на управниот одбор, извршните членови на одборот на директори или друг соодветен орган на институцијата.

Народната банка одлучува во врска со поднесеното барање за издавање на согласноста од ставот 1 од оваа точка, во рок од 30 дена по комплетирањето на документацијата со која се потврдуваат условите од оваа точка.

Износот на тековната добивка за кој е добиена согласноста од ставот 1 од оваа точка може да се вклучи во пресметката на основниот капитал и во следните периоди од тековната календарска година, само доколку добивката остварена до датумот за кој се утврдува основниот капитал е поголема од износот на тековната добивка за кој е добиена согласноста од Народната банка.

15. Основниот капитал се намалува за следниве одбитни ставки:

15.1. Загуба на крајот на годината или тековна загуба;

15.2. Нематеријални средства. Износот на одбитната ставка се намалува за одложените даночни обврски што би згаснале доколку нематеријалните средства се оштетат или се депризнаат, во согласност со важечките прописи за сметководство и важечките сметководствени стандарди. Износот на одбитната ставка се зголемува за гудвилот од значајните вложувања на институцијата;

15.3. Износот на директните и индиректните вложувања во сопствени капитални инструменти од основниот капитал, вклучувајќи ги и капиталните инструменти за кои институцијата има договорна обврска да ги купи;

15.4. Износот на директните и индиректните вложувања во капитални инструменти од основниот капитал на лица од финансискиот сектор, со исклучок на оние коишто се држат до пет дена. Износот на одбитната ставка е еднаков на бруто долгата позиција на институцијата во капиталните инструменти од основниот капитал на овие лица;

15.5. Износот на одбитните ставки од дополнителниот капитал од точката 21 од оваа одлука, којшто го надминува вкупниот износ на дополнителен капитал од точката 17 од оваа одлука.

15.6. Вложувањата во нефинансиски институции, при што не се земаат предвид вложувањата коишто се држат до пет дена, како и хартиите од вредност коишто гласат на име на институцијата, а за сметка на други субјекти.

## VI. ДОПОЛНИТЕЛЕН КАПИТАЛ

16. Дополнителниот капитал на институцијата се добива кога збирот на позициите од точката 17 од оваа одлука ќе се намали за одбитните ставки од точката 21 од оваа одлука.

17. Во дополнителниот капитал на институцијата се вклучуваат следниве позиции:

− капиталните инструменти коишто ги исполнуваат условите од точката 18 од оваа одлука;

− субординираните кредити коишто ги исполнуваат условите од точката 19 од оваа одлука, и

− премијата од продажбата на инструментите од алинејата 1 од оваа точка.

18. Капиталните инструменти можат да бидат дел од дополнителниот капитал доколку ги исполнуваат следниве услови:

18.1. Издадени се и уплатени се во целост, при што институцијата не го финансира нивното купување, директно или индиректно и не се купени од страна на институцијата, нејзина подружница или лице во кое институцијата има учество;

18.2. Обврските врз основа на овие инструменти им се целосно подредени на обврските кон останатите доверители на институцијата, во случај на стечај или ликвидација на институцијата;

18.3. Имаат рок на достасување од најмалку пет години;

18.4. Можат да се откупат или да се отплатат од страна на институцијата пред рокот на достасување само по добивање на согласноста од Народната банка, во согласност со точката 25 од оваа одлука или во случај на стечај или ликвидација на институцијата;

18.5. Во случаите кога износот на сопствените средства се намали под износот пропишан со Законот за платежни услуги и платни системи, институцијата задолжително ја откажува исплатата на надоместокот за неограничен период и на некумулативна основа и има право да го користи неисплатениот надоместок за исполнувањето на своите обврски;

18.6. Не се земаат предвид при утврдувањето дали се исполнети условите за отворање стечајна постапка, во согласност со закон;

18.7. Инструментот не смее да има карактеристики коишто можат да ја отежнат докапитализацијата на институцијата.

19. Субординираните кредити коишто ги исполнуваат следниве услови можат да бидат дел од дополнителниот капитал:

19.1. Соодветно се исполнети условите од точката 18 потточки 18.2 18.4, 18.6 и 18.7 од оваа одлука;

19.2. Одобрени ѝ се на институцијата, при што институцијата не го финансира нивното одобрување и не се одобрени од страна на подружница на институцијата или од лице во кое институцијата има учество;

19.3. Имаат рок на достасување од најмалку пет години.

20. Износот на позициите од точките 18 и 19 од оваа одлука којшто се вклучува во пресметката на дополнителниот капитал на институцијата во текот на последните пет години до нивниот рок на достасување, претставува производ на:

− номиналниот износ на позицијата на првиот ден од последните пет години до договорниот рок на достасување;

− бројот на преостанатите календарски денови од договорниот рок на достасување на позицијата, поделен со вкупниот број календарски денови во периодот од последните пет години.

21. Дополнителниот капитал се намалува за следниве одбитни ставки:

21.1. Износот на директни и индиректни вложувања во сопствени инструменти од дополнителниот капитал, вклучувајќи ги и инструментите за кои институцијата има договорна обврска да ги купи;

21.2. Износот на директни и индиректни вложувања во позиции од дополнителниот капитал на лица од финансискиот сектор, со исклучок на оние коишто се држат до пет дена. Износот на одбитната ставка е еднаков на бруто долгата позиција на институцијата во капиталните инструменти од дополнителниот капитал на овие лица.

## VII. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА

22. Пред да се вклучат позициите од точките 18 и 19 од оваа одлука во пресметката на сопствените средства, институцијата е должна да ја извести Народната банка за условите под кои се настанати тие и да достави документација од која ќе може да се утврди дека се исполнети условите пропишани со оваа одлука за соодветната позиција, најмалку 30 дена пред намерата за вклучување на овие позиции во пресметката на сопствените средства. Покрај ова, институцијата доставува и:

− пресметка на нивото на сопствените средства пред и по вклучувањето на овие позиции во пресметката на сопствените средства со состојба на датумот за кој се известува;

− проекција на приходите и расходите на институцијата во која е земен предвид ефектот од користењето на позициите, најмалку за следните три години.

23. Надоместокот што се исплаќа на позициите од основниот капитал и дополнителниот капитал може да биде во парична форма или во форма на инструмент којшто може да биде дел од сопствените средства на институцијата.

24. Во одбитните ставки од точката 15 потточки 15.3 и 15.4 и точката 21 потточки 21.1 и 21.2 од оваа одлука, институцијата ги вклучува единствено директните и индиректните вложувања во позиции на лица од финансискиот сектор коишто, во согласност со прописите со кои се регулира работењето на овие лица, имаат третман на регулаторен капитал.

Институцијата ги распределува позициите од ставот 1 од оваа точка во одбитни ставки од основниот капитал или од дополнителниот капитал, имајќи го предвид нивниот квалитет, утврден во соодветниот пропис со кој се регулира работењето на овие лица.

Доколку врз основа на прописот со кој се регулира работењето на лицата од финансискиот сектор не може да се изврши распределбата од ставот 2 од оваа точка, позициите од ставот 1 од оваа точка се одбиваат од основниот капитал на институцијата.

25. Без добиена согласност од Народната банка, институцијата не може да го намали износот на сопствените средства преку:

− откуп или намалување на вредноста на акционерскиот капитал, односно на влоговите коишто се дел од основниот капитал;

− откуп или отплата на позициите коишто се дел од дополнителниот капитал.

Народната банка ќе ја издаде согласноста од ставот 1 од оваа точка доколку се поминати најмалку пет години од датумот на издавањето / одобрувањето на инструментот и доколку:

− институцијата го замени овој инструмент со нов инструмент со ист или со подобар квалитет, при што трошокот за замената не го загрозува капацитетот на институцијата за профитабилно работење, и/или

− институцијата може да докаже дека нејзините сопствени средства, по нивното намалување заради активностите од ставот 1 од оваа точка, ќе бидат над нивото пропишано со Законот за платежни услуги и платни системи.

За потребите на ставот 2 алинеја 1 од оваа точка, трошокот за замената не го загрозува капацитетот на институцијата за профитабилно работење доколку трошокот за новиот инструмент не е значително повисок од трошокот којшто го имала институцијата за инструментот што се заменува, со што институцијата ќе може да ја задржи или да ја зголеми својата профитабилност.

По исклучок на ставот 2 од оваа точка, Народната банка може да издаде согласност за откуп или предвремена отплата на позициите коишто се дел од дополнителниот капитал и пред истекот на петте години од датумот на нивното издавање / одобрување, само доколку се исполнети условите од ставот 2 алинеи 1 и 2 од оваа точка и доколку:

− заради регулаторни промени овие позиции би биле исклучени од сопствените средства;

− направени се промени во даночниот третман на овие позиции, а институцијата може да докаже дека станува збор за значителни промени коишто не можеле да се предвидат во моментот на издавањето / одобрувањето на позициите.

Заради добивање на согласноста од ставовите 2 и 4 од оваа точка, институцијата е должна најмалку три месеци пред спроведувањето на активностите од ставот 1 од оваа точка, да достави до Народната банка најмалку:

− детално образложение на причините за спроведување на активностите од ставот 1 од оваа точка;

− структура на сопствените средства пред и по спроведувањето на активностите од ставот 1 од оваа точка;

− проекција на профитабилноста за наредните три години, имајќи го предвид трошокот за замената на инструментот.

## VIII. МЕТОДИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА МИНИМАЛНОТО ПОТРЕБНО НИВО НА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА

26. Платежната институцијата и институцијата за електронски пари се должни да го пресметуваат износот на минималното потребно ниво на сопствени средства согласно одредбите од оваа глава од Одлуката.

Платежната институција и институцијата за електронски пари се должни постојано да располагаат со износ на сопствени средства којшто не може да биде помал од повисокиот износ меѓу износот на почетниот капитал и износот на минималното потребно ниво согласно одредбите од оваа одлука.

Институцијата за електронски пари којашто издава само електронски пари и дава платежни услуги и оперативни и сродни помошни услуги коишто се поврзани со издавањето на електронските пари го применува методот Г за пресметка на минималното потребно ниво на сопствени средства. Доколку институцијата за електронски пари дава истовремено и платежни услуги коишто не се поврзани со издавањето електронски пари, на износот пресметан согласно методот Г му се додава пресметаниот износ на минималното потребно ниво на сопствени средства за извршување на платежните услуги пресметан согласно точка 27.

27. Платежната институција или институцијата за електронски пари којашто дава и платежни услуги го пресметува износот на сопствени средства преку примена на еден од следниве методи:

− метод на фиксни општи трошоци (метод А);
− метод на обем на плаќања (метод Б) и
− метод на оперативен приход (метод В).

Метод А – Метод на фиксни општи трошоци

28. Со примена на методот А, минималното потребно ниво на сопствени средства на институција за електронски пари или платежна институција изнесува најмалку 10% од фиксните општи трошоци за претходните 12 месеци.

Народната банка може да ѝ наложи на институцијата да располага со поголем износ на минималното потребно ниво на сопствени средства доколку во претходните 12 месеци настанале материјални промени во деловното работење на институцијата.

Кога до датумот на пресметување на минималното потребно ниво на сопствени средства, институцијата за електронски пари или платежната институција не давале платежни услуги во текот на претходниот период од 12 месеци, минималното потребно ниво на сопствени средства може да се пресмета како 10% од износот на фиксните општи трошоци проектирани во бизнис-планот на институцијата за електронски пари или платежната институција.

Метод Б – Метод на обем на плаќање

29. За примена на методот Б, минималното потребно ниво на сопствени средства на институциите за електронски пари или платежните институции се пресметува според МПОП. Минималното потребно ниво на сопствени средства на институциите за електронски пари или платежните институции се добива кога збирот од позициите од ставот 2 ќе се помножи со коефициентот „k“ дефиниран во став 3 од оваа точка.

Позициите за пресметка се состојат од:

− 4% од делот на МПОП коишто не го надминуваат износот од 310.000.000 денари;

− 2,5% од делот на МПОП чијшто износ е повисок од 310.000.000 денари, а не го надминува износот од 620.000.000 денари;
− 1% од делот на МПОП чијшто износ е повисок од 620.000.000 денари, а не го надминува износот од 6.200.000.000 денари;
− 0,5% од делот на МПОП чијшто износ е повисок од 6.200.000.000 денари, а не го надминува износот од 15.400.000.000 денари;
− 0,25% од делот на МПОП коишто го надминуваат износот од 15.400.000.000 денари.

Коефициентот „k" изнесува:
− 0,5 доколку институцијата дава само платежни услуги од членот 8 став 1 точка 6 од Законот за платежни услуги и платни системи или
− 1, доколку институцијата дава која било од платежните услуги од членот 8 став 1 точки 1, 2, 3, 4 и/или 5 од Законот за платежни услуги и платни системи.

Метод В – Метод на оперативен приход

30. Со примена на методот на оперативен приход, минималното потребно ниво на сопствени средства на институциите за електронски пари или платежните институции се пресметува така што релевантниот показател (а), дефиниран во ставот 2 од оваа точка се множи со факторот на множење (б) од ставот 5 од оваа точка и со коефициентот „k" дефиниран во точка 29 став 3 од оваа одлука.
(а) Релевантниот показател е збир од:
− приходи од камати;
− расходи за камати;
− приход од провизии и надоместоци и
− други оперативни приходи.
Секој елемент се вклучува во збирот со неговиот позитивен или негативен знак. Вонредните приходи не се вклучуваат во пресметката на релевантниот показател. Релевантниот показател се пресметува на крајот од годината врз основа на ревидираните финансиски извештаи за претходната година.
Сопствените средства пресметани според методот В не треба да паднат под 80% од просекот на барањето за сопствени средства за претходните 3 финансиски години пресметани според овој метод.
(б) Факторот за множење е збир од:
− 10% од делот на релевантниот показател до 155.000.000 денари;
− 8% од делот на релевантниот показател од 155.000.000 денари до 310.000.000 денари;
− 6% од делот на релевантниот показател од 310.000.000 денари до 1.550.000.000 денари;
− 3% од делот на релевантниот показател од 1.550.000.000 денари до 3,100,000,000 денари;
− 1,5 % над 3.100.000.000 денари.

Метод Г – за издавање електронски пари

31. За институциите за електронски пари минималното потребно ниво на сопствени средства се пресметува според просечниот износ на неискористени електронски пари. Институцијата за електронски пари за активноста на издавање електронски пари е должна постојано да располага со сопствените средства коишто се пресметуваат во износ еднаков на 2% од просечниот износ на неискористени електронски пари.

## IX. ВИДОТ, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ ЗА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА ДО НАРОДНАТА БАНКА

32. Институцијата е должна да пополнува и да доставува до Народната банка Извештај за сопствените средства во кој одделно се наведуваат позициите од основниот и дополнителниот капитал и одбитните ставки, утврдени во согласност со оваа одлука.

Гувернерот на Народната банка со упатство ги пропишува видот и содржината на Извештајот за сопствените средства од ставот 1 на оваа точка.

33. Институцијата го изготвува Извештајот за сопствените средства според сметководствената состојба на 31 март, 30 јуни, 30 септември и 31 декември и го доставува до Народната банка.

Рокот за доставување на Извештајот за сопствените средства е петнаесет работни дена по истекот на периодот за кој се доставува Извештајот.

На барање на Народната банка, институцијата е должна да го изготви Извештајот за сопствените средства и на друг датум и во друг рок, коишто се различни од наведените во ставовите 1 и 2 од оваа точка.

Институцијата којашто е предмет на консолидирана супервизија е должна да го достави Извештајот за сопствените средства до Народната банка и на консолидирана основа и за секоја друга институција којашто врши платежни услуги и/или издавање електронски пари, според сметководствената состојба на 30 јуни и 31 декември, во рок од петнаесет дена по истекот на полугодието за кое се доставува Извештајот.

34. Извештајот од точката 32 од оваа одлука се доставува до Народната банка, во електронска форма, преку соодветно апликативно решение на Народната банка.

35. Институцијата којашто има намера да го промени методот на пресметка на минималното потребно ниво на сопствените средства, треба да ја извести Народната банка за оваа намера во рок од 15 дена пред промената на методот. Кон известувањето се приложува образложение за причините за намерата за промена на методот и податок за износот на минималното потребно ниво на сопствени средства пресметан според новиот метод.

Институцијата е должна веднаш да ја извести Народната банка за секоја промена на фактите и околностите поврзани со методот на пресметка на минималното потребно ниво на сопствените средства од глава VIII на оваа одлука.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

36. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за позициите од кои се состои почетниот капитал и сопствените средства на платежната институција и институцијата за електронски пари, како и видот, содржината и начинот на доставување на извештаите за сопствените средства („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 271/22).

37. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-13636/7
17 април 2025 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.